НАСОКИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИИ ЗА ВРАЌАЊЕ НА АКЦИЗАТА ЗА ГАСНО МАСЛО-ЕКСТРА ЛЕСНО ГОРИВО КОЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ГРЕЕЊЕ ВО ДОМАЌИНСТВАТА КАКО И ЗА ГОРИВО ЗА ГРЕЕЊЕ ВО ПРОЦЕС НА ПРОИЗВОДСТВО

## 1.1. Намена на документот

Намената на ова упатство е да ги објасни процесите за поднесување на декларација за враќање на акцизата за лицата кои обележаното гасно масло наменето за греење го употребиле за греење во домаќинствата, како и за лицата кои го употребиле како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, кои имаат право на враќање на дел од платената акциза во висина од 6 денари за литар.

За корисникот да има право да поднесува декларации за враќање на акцизата за гасно масло во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (понатаму СОЦДАД) мора да е имател на Одобрение за враќање на акциза за гасно масло – гориво за греење.

## 1.2. Пристап во Порталот за трговци – апликација за акцизи

Кон СОЦДАД се пристапува преку веб страната на Царинската управа (customs.gov.mk), со избирање на полето „Е-Царина“, потоа со избирање на „СОЦДАД“ и на крај со избирање на „СТАРТУВАЈ“ (слика 1).

*Целата документација и информации во врска со СОЦДАД се достапни со избирање на полето „Е-Царина“, потоа со избирање на „СОЦДАД“ и на крај со избирање на „Информации и документација“.




Слика 1

Пристапот во Порталот за трговци – апликација за акцизи за корисници започнува со избирање на линкот „Trader MEOS“ во Продукциска околина (слика 2).




Слика 2

2.1. Прозорец за најава

Потоа се појавува едноставен екран со логото на СОЦДАД и Царинската управа со две полиња за пополнување: КОРИСНИЧКО ИМЕ и ЛОЗИНКА кои се добиени при регистрација во СОЦДАД, и две дополнителни полиња: ОБНОВИ и НАЈАВИ СЕ.

Најавата во Порталот за трговци – апликција за акцизи започнува со внесување на:

- КОРИСНИЧКО ИМЕ (пример име.презиме на корисникот)

-ЛОЗИНКА (пример барем 12 карактери –букви, броеви и симболи)

- се притиска копчето НАЈАВИ СЕ ако внесените податоци се точни или се притиска копчето ОБНОВИ за да се избришат внесените податоци и повторно се внесува корисничко име и лозинка (Слика 3).




Слика 3

По логирање во системот (секогаш со профил на физичко лице) ни се појавува следниот прозорец (слика 4):




Слика 4

Со избирање на MEOS имате опција да одберете дали ќе продолжите со работа во системот со лично застапување или со застапување на субјектот (правното лице) кој ви има доделено овласување за застапување во СОЦДАД.

Доколку барањето се поднесува од лицата кои го искористиле гасното масло како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата се избира „Продолжете со застапување на овој субјект“ (правното лице кои ви има доделно овластување за застапување), а доколку барањето се поднесува за враќање на акцизата за лицата кои обележаното гасно масло наменето за греење го употребиле за греење во домаќинствата се одбира „Продолжете со лично застапување“ или системот директно ве пренасочува понатаму (Слика 5).




Слика 5

3. За поднесување на декларација за враќање на акцизата за лицата кои обележаното гасно масло наменето за греење го употребиле за греење во домаќинствата како и за лицата кои го употребиле како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата се избира табот: Поднесување на декларации од трговци (TDP) (Слика 6), и системот ги па прикажува различните менија на Порталот и тоа: дејства, транзит, увоз, извоз, акцизи и помош (слика 7).




Слика 6




Слика 7

Со бирање на табот акцизи се појавуваат различни акции во зависност од потребата за која се пристапува како што е прикажано на слика 8:




Слика 8

Во подменито „Акцизна постапка“ бираме „Враќање на акциза“ и „Поднесување на барање за враќање на акциза“.

### 3.1. Поднесување на барање за враќање на акциза за обележано гасно масло во процес на производство

Најпрво, во делот „Основни податоци“, „Враќање на акциза“, избираме вид на корисник за враќање на акциза, во овој случај кога станува збор за гасно масло кое се употребило како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата го избираме Тип 5 – Корисници на обележано гасно масло во процес на производство (Слика 9). Со бирање на Тип 5 – Корисници на обележано гасно масло во процес на производство автоматски се пополнуваат полето “Број на одобрение за ослободување од акциза“ и полето „(Надлежен орган) Царинска испостава“.




Слика 9

Полето „Банкарска сметка“ го пополнуваме со избирање на банкарската сметка/и кои се регистрирани во одобрението со избор од паѓачкото мени, при што автоматски се пополнува полето „Назив на банка“ (Слика 10).




Слика 10

Полињата „Датум на почеток на периодот за враќање“и полето „Датум на завршување на периодот за враќање“ ги избираме од календарот кој е даден до полињата, зависно од периодот на користење на обележаното гасно масло за кое се поднесува декларацијата за враќање на акцизата (Слика 11).




Слика 11

Продолжуваме со пополнување на главниот дел на декларацијата со избирање од паѓачкото мени „Шифра на локација на користење“ (Location Code) (Слика 12).




Слика 12

Полето „Намена на обележаното гасно масло наменето за греење“ (Gasoil Use), го пополнувате со избирање од паѓачкото мени: Вид 1 Гасно масло кое е искористено како гориво за греење во процес на производство ((1) Production purposes) или Вид 2 Гасно масло искористено како

додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата ((2) Production purposes as additive to other fuels) (Слика 13).




Слика 13

Полето „Национален производ“ се пополнува со избирање на лупата до полето „Шифра на национален производ“, при што се отвара нов прозорец, во кој во полето „Шифра на категорија на национален производ“ избираме „Е – Енергетки производи“ и избираме „Пребарување“ (Слика 14).




Слика 14

Пребарувањето ни ја дава како резултат шифрата на Гасното масло – гориво за греење, која ја избираме со кликање на шифрата (обележана со црвено) (Слика 15).




Слика 15

Во групата на податоци „Национален производ“ во полето „Набавена количина“ ја наведуваме вкупно набавената количина на Гасно масло – гориво за греење за периодот за враќање на акцизата кој го наведовме во основните податоци на декларацијата (Слика 16).




Слика 16

Групата на податоци „Податоци за фактури“ (Invoice)  се пополнуваат за секоја фактура за набавка на Гасно масло за гориво за греење од наведениот период.

Во полето „Датум на промет“ се наведува датумот на користење на гасното масло, во полето „Број на фактура“ го пополнуваме бројот на фактурата  со која е набавено Гасното масло – гориво за греење, во полето „Датум на фактура“ се пополнува датумот на фактурата, додека во полето „Име на снабдувач“ го пополнуваме името на компанијата од која е набавено Гасното масло – гориво за греење.

Во полето искористена количина се наведува искористената количина литри од набавената.

Во зависност од намената на гасното масло кое е искористено како гориво за греење во процес на производство или Гасно масло искористено како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата ги пополнуваме наредните полиња:

Гасно масло кое е искористено како гориво за греење во процес на производство (Gasoil Quantity) или Гасно масло искористено како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата (Gasoil Quantity as Additive) (Слика 17).




Слика 17

Доколку гасното масло е набавено со увозна постапка се пополнува полето „Претходна увозна постапка“. Во полето „Број на декларација“ се внесува бројот на увозната декларација, во полето „Главен дел – Единствен рефрентен број на запис“ се пополнува редниот број на декларацијата со која е извршен соодветниот увоз, во полето „Датум на пресметување на давачки“ се внесува датумот на поднесување на увозната декларација, во полето „Датум на прифаќање“ се пополнува датумот на утврдување на увозната декларација од страна на увозната царинска испостава и во полето „Платена акциза“ (Paid Excise Ammount) се пополнува платената акциза при увозот на гасното масло – гориво за греење изразена во денари (Слика 18).




Слика 18

Доколку со декларацијата сакаме да извршиме поврат на акциза за повеќе фактури, во групата на податоци „Податоци за фактури“ (Invoice) го избираме знакот „+“ и ни се отвара нова страница на која може да пополниме податоци за наредната фактура, а доколку сакаме да избришеме некоја од веќе внесените фактури го избираме знакот „-“ додека е отворен прегледот на фактурата која сакаме да ја избришеме и истата ќе биде избришана (Слика 19).




Слика 19

Во полето „Приложени документи, потврди и одобренија“ се наведуваат сите документи кои се прикачуваат во електронска форма во прилог на декларацијата за враќање на акциза за гасното масло – гориво за греење (на пример: фактури, испратници, увозни декларации и сл) со избирање на „Тип на документ“ од паѓачкото мени и со пополнување на бројот на соодветниот документ во полето „Број на декларација“ (Слика 20).




Слика 20

Во случај кога обележаното гасно масло наменето за греење е употребено како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, кон барањето се приложува следната документација:

- решение и тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- деталеn опис на дејноста за која се користи обележаното гасно масло наменето за греење во процесот на производство,
- местото и локацијата на производството каде што се користи обележаното гасно масло наменето за греење, како и складишните простори и/или простории, како и опремата која се користи за греење;
- фактура за набавено обележано гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење или царинска декларација за увезено гасно масло наменето за греење во која се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и износот на платената акциза во висина утврдена со Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба ( Сл. Весник 169/2020);
- докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење за домаќинство;
- доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни и царински обврски и

- докази за оправданоста за враќање на дел од платената акциза од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на обележаното гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, во периодот за кој се бара враќање на дел од платената акциза.
*сите документи посебно е да се скенирани и прикачени во СОЦДАД како поединечни фајлови.

Барателот има можност во секој момент при пополнување на декларацијата да ја зачува истата како примерок или како нацрт на кој ќе може да продолжи да работи  со бирање на полињата „Зачувај како примерок“ или „Зачувај како нацрт“ кои сеноѓаат на долниот десен агол од веб страната на која е прикажана декларацијата (Слика 21).




Слика 21

Откако пополнетите податоци во декларацијата ќе бидат проверени од подносителот се избира полето „Пресметување на давачки“ во горниот дел на веб страна на декларацијата (Слика 22), при што се прикажува вкупно потрошената количина на гасното масло, вкупно платената акциза и акцизата за која се бара поврат со декларацијата.




Слика 22

Следен чекор е избирање на полето „Провери декларација" при што системот прави проверка на внесените податоци и го известува подносителот доколку има некоја грешка при пополнувањето на декларацијата.
Доколку нема грешки барателот продолжува со бирање на полето „Поднесување на декларација", при што системот дава можност за потпишување на декларацијата со дигиталниот сертификат на подносителот при што декларацијата ќе добие статус „Поднесена" и понатаму ќе биде разгледувана од надлежните лица во Царинската управа.

### 3.1.1 Измена на поднесена декларација од страна на барателот

На почетната страница во СОЦДАД,TDP, на барателот му се прикажуваат во листа сите поднесени декларации со нивниот рефентен број и статус на декларацијата во реално време.
Доколку има потреба, Барателот може да изврши измена на декларацијата или откажување на истата со бирање на „Приказ на движење" (Слика 23).




Слика 23

Потоа, со бирање на полето „Приказ на движење" се прикажува следниот прозорец (Слика 24) каде од полето дејства може да се избира „Поднесување на измена„, „Поднесување на откажување" или „Вчитување/приказ на прилози кон декларацијата". А со избирање на полето „Печати" барателот добива формат на декларацијата кој е спремен за печатење.




Слика 24

## 3.2. Поднесување на барање за враќање на акциза за обележано гасно масло употребено како гориво за греење во домаќинствата

Најпрво, во делот „Основни податоци“, „Враќање на акциза“, избираме вид на корисник за враќање на акциза, во овој случај кога станува збор за гасно масло кое се искористило како гориво за греење во домаќинството го избираме Тип 6 – Корисници на обележано гасно масло за греење во домаќинствата.

Во полето „Број на одобрение за ослободување од акциза“ се внесува бројот на одобрението за враќање на акциза за гасно масло кое се искористило како гориво за греење во домаќинствата кое го има барателот, односно со кој е евидентиран во СОЦДАД како корисник на обележано гасно масло употребено како гориво за греење во домаќинствата.

Во полето „(Надлежен орган) Царинска испостава“ се избира од паѓачкото мени MK009000-Централна управа (Слика 25).




Слика 25

Полето „Банкарска сметка“ го пополнуваме со избирање на банкарската сметка/и кои се регистрирани во одобрението со избор од паѓачкото мени, при што автоматски се пополнува полето „Назив на банка“ (Слика 26).




Слика 26

Полињата „Датум на почеток на периодот за враќање“и полето „Датум на завршување на периодот за враќање“ ги избираме од календарот кој е даден до полињата, зависно од периодот на користење на обележаното гасно масло за кое се поднесува декларацијата за враќање на акцизата (Слика 27).




Слика 27

Продолжуваме со пополнување на главниот дел на декларацијата со избирање од паѓачкото мени „Шифра на локација на користење“ (Location Code) (Слика 28).




Слика 28

Полето „Намена на обележаното гасно масло наменето за греење“ (Gasoil Use), го пополнуваме со избирање од паѓачкото мени на Вид 3 Гасно масло за греење во домаќинствата ((2) Heating Oil) (Слика 29).




Слика 29

Полето „Национален производ“ се пополнува со избирање на лупата до полето „Шифра на национален производ“, при што се отвара нов прозорец, во кој во полето „Шифра на категорија на национален производ“ избираме „Е – Енергетски производи“ и избираме „Пребарување“ (Слика 30).




Слика 30

Пребарувањето ни ја дава дава резултат шифрата на Гасното масло – гориво за греење, кој ја избираме со кликање на шифрата (обележана со црвено) (Слика 31).




Слика 31

Во групата на податоци „Национален производ“ во полето „Набавена количина“ ја наведуваме вкупно набавената количина на Гасно масло – гориво за греење за периодот за враќање на акцизата кој го наведовме во основните податоци на декларацијата (Слика 32).




Слика 32

Грпата на податоци „Податоци за фактури“ (Invoice) се пополнуваат за секоја фактура за набавка на Гасно масло за гориво за греење од наведениот период.

Во полето „Датум на промет“ се наведува датумот на набавка на гасното масло, во полето „Број на фактура“ го пополнуваме бројот на фактурата со која е набавено Гасното масло – гориво за греење за во полето „Датум на фактура“ се пополнува датумот на фактурата, додека во полето „Име на снабдувач“ го пополнуваме името на компанијата од која е набавено Гасното масло – гориво за греење. Во полето искористена количина се наведува искористената количина во литри од набавената (Слика 33).




Слика 33

Доколку со декларацијата сакаме да извршиме поврат на акциза за повеќе фактури, во групата на податоци „Податоци за фактури“ (Invoice)  го избираме знакот „+“ и ни се отвара нова страница на која може да пополниме податоци за наредната фактура, а доколку сакаме да избришиме некоја од веќе внесените фактури го избираме знакот „-“ додека е отворен прегледот на фактурата која сакаме да ја избришиме и истата ќе биде избришана (Слика 34).




Слика 34

Во полето „Приложени документи, потврди и одобренија“ се прикачуваат во електронска форма сите документи кои се доставуваат во прилог на барањето за враќање на акциза за

гасното масло – гориво за греење (на пример: фактури, испратници, увозни декларации и сл.) со избирање на „Тип на документ“ од паѓачкото мени и во полето „Број на декларација“ пополнување на бројот на соодветниот документ (Слика 35).




Слика 35

Во случај кога обележаното гасно масло наменето за греење се користи во домаќинствата, кон барањето се приложува следната документација:

- фактура или фискална сметка за набавено обележано гасно масло наменето за греење во домаќинство, во кои се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и износот на платената акциза во висина утврдена со Уредбата  со законска сила за примена на Законот за акцизите во време на вонредна состојба ( Сл. Весник на РСМ 169/2020);
- докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење за домаќинство и
- доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни и царински обврски.

*сите документи посебно е да се скенирани и прикачени во СОЦДАД како поединечни фајлови.

Барателот има можност во секој момент при пополнување на декларацијата да ја зачува истата како примерок или како нацрт на кој ќе може да продолжи да работи со бирање на полињата  „Зачувај како примерок“ или „Зачувај како нацрт“ кои се наоѓаат на долниот десен агол од веб страната на која е прикажана декларацијата (Слика 36).




Слика 36

Откако пополнетите податоци во декларацијата ќе бидат проверени од подносителот се избира полето „Пресметување на давачки“ во горниот дел на веб страна на декларацијата (Слика 37), при што се прикажува вкупно потрошената количина на гасното масло, вкупно платената акциза и акцизата за која се бара поврат со декларацијата.




Слика 37

Следен чекор е избирање на полето „Провери декларација“ при што системот прави проверка на внесените податоци и го известува подносителот доколку има некоја грешка при пополнувањето на декларацијата.
Доколку нема грешки барателот продолжува со бирање на полето „Поднесување на декларација“, при што системот дава можност за потпишување на декларацијата со дигиталниот сертификат на подносителот при што декларацијата ќе добие статус „Поднесена“ и ќе биде разгледана од надлежните лица во Царинската управа.

3.2.1 Измена на поднесена декларација од страна на барателот

На почетната страница во СОЦДАД,TDP, на барателот му се прикажуваат во листа сите поднесени декларации со нивниот рефентен број и статус на декларацијата во реално време.
Барателот може да изврши измена на декларацијата или откажување на истата со бирање на „Приказ на движење“ (Слика 38).




Слика 38

Со бирање на полето „Приказ на движење“ се прикажува следниот прозорец (Слика 39) каде од полето дејства може да се избира „Поднесување на измена„, „Поднесување на откажување“ или „Вчитување/приказ на прилози кон декларацијата“. А со избирање на полето „Печати“ барателот добива формат на декларацијата кој е спремен за печатење.


СОЦДАД : Мој СОЦДАД
Дејства
Транзит
Увоз
Извоз
Акцизи
Pre-Arrival
Помош
Почетна страница
Приказ на движење
» Движење
Превземање на потпишани пораки
Печати
Дејство
Поднеси измена
Поднеси откажување
Вчитување/приказ на прилози
Дејства
Промена на активен трговец
РБД/ЕРБ/РБАД
ЛРБ
Порака Вид
Порака Статус
Датум на поднесување
Датум на статус
Даночен број
Идентификациски број на корисник
Движење Податоци
Историјат на движење

Слика 39